ISCTBL 2023
INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип** | **Goce Delchev University Shtip**

**Факултет за туризам и бизнис логистика** | **Faculty of Tourism and Business Logistics**

**Шеста Меѓународна Научна Конференција**

**Sixth International Scientific Conference**

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ТУРИЗМОТ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО 21 ВЕК

# CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE 21ST CENTURY

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

## CONFERENCE PROCEEDINGS

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

Факултет за туризам и бизнис логистика

Goce Delcev University Shtip

Faculty of Tourism and Business Logistics

Шеста Меѓународна Научна Конференција

Sixth International Scientific Conference

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ТУРИЗМОТ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО 21 ВЕК

# CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE 21ST CENTURY

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

## CONFERENCE PROCEEDINGS

19 мај 2023 г. / May 19, 2023

**Издавач:**
Факултет за туризам и бизнис логистика
Универзитет „Гоце Делчев" – Штип
Крсте Мисирков, 10-А, 201, 2000, Штип, РС Македонија
Тел: +389 32 550 350
www.ftbl.ugd.edu.mk
www.ugd.edu.mk

**За издавачот:** д-р Татјана Бошков, декан

**Организатор на конференцијата:** Факултет за туризам и бизнис логистика
**Уредник:** д-р Татјана Бошков, декан
**Тираж:** 146
**Година на издавање:** 2023

**Publisher:**
Faculty of Tourism and Business Logistics
Goce Delchev University of Shtip
"Krste Misirkov" no.10-A P.O. Box 201 Shtip 2000, North Macedonia
Tel: +389 32 550 350
www.ftbl.ugd.edu.mk
www.ugd.edu.mk

**For the Publisher:** Tatjana Boshkov, Ph.D. – Dean

**Conference Organizator:** Faculty of Tourism and Business Logistics
**Editor:** Tatjana Boshkov, Ph.D. – Dean
**Print circulation:** 146
**Year of publication:** 2023

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека Св. „Климент Охридски", Скопје

338.48(062)
658.6/.8:164(062)

МЕЃУНАРОДНА Научна Конференција (5 ; 2022 ; [Штип])
Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век : зборник на трудови / Петта меѓународна научна конференција, 30 април 2022 г . ; [уредник Татјана Бошков] = Challenges of tourism and business logistics in the 21st century : conference proceedings / Fifth international scientific conference, April 30, 2022 ; [editor Tatjana Boshkov]. - Штип
: Универзитет "Гоце Делчев"- Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика = Shtip : University "Goce Delchev" -Shtip, Faculty of tourism and business logistics : Факултет за туризам и бизнис логистика = Faculty of Tourism and Business Logistics, 2022. - [274] стр. : илустр. ; см

Фусноти кон текстот. - Трудови на мак. и англ. јазик. - Библиографија кон одделни трудови. - Abstracts. - Резимеа

ISBN 978-608-244-891-6
а) Туризам -- Собири б) Синџир на снабдување -- Логистички системи -- Собири
COBISS.MK-ID 57409541

**Организациски комитет:**
Проф. д-р. Татјана Бошков, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Наташа Митева, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р Цветанка Ристова Магловска, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Душко Јошески, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Душица Попова, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

**Меѓународен програмски комитет:**
Проф. д-р. Татјана Бошков, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Наташа Митева, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Цветанка Ристова Магловска, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Душко Јошески, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Душица Попова, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Никола В. Димитров, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Цане Котески, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
д-р Билјана Цоневска Гуњовска, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Оливер Филипоски, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Александра Жежова, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Зоран Темелков, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Мишко Џидров, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Машински факултет, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Тања Ангелкова Петкова, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р Димитар Ковачевски, Универзитет Американ Колеџ Скопје, Република Северна Македонија
Проф. д-р Слаџана Стојановска, Факултет за Бизнис Економија, Скопје, Република Северна Македонија
Доц. д-р Христина Серафимовска, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Глигор Бишев, Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, Економски факултет Прилеп, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Васко Шутаров, МИТ Универзитет, Факултет за безбедност, Република Северна Македонија

Проф. д-р. Мадалина Теодора Андреи, Универзитет Хиперион, Факултет за општествени, хуманистички науки и природни науки, Оддел за географија, Романија
Проф. д-р. Соња Квирога, Универзитет Алкала, Оддел за економија, Шпанија
Проф. д-р. Алиса Флеишер, Хебрејскиот универзитет Јерусалим, Роберт Х. Смит, Факултет за земјоделие, Храна и Животна средина, Оддел за економија на животна средина и управување, Израел
Проф. д-р. Ноам Шовал, Хебрејски универзитет Ерусалим, Факултет за општествени науки, Оддел за географија, Израел
Проф. д-р. Нурија Елиса Морере Молинеро, Универзитет Реј Хуан, Шпанија
Проф. д-р. Никола Хурвулиадес, Американ Колеџ Солун, Грција
Проф. д-р. Донила Пипа, Универзитет Марин Барлети, Економски факултет, Албанија
Проф. д-р. Мохамед Фуад, Ариш Универзитет, Факултет за уметност, Египет
Проф. д-р. Франсис Вериза, Универзитет Толиара, Факултет за оппштествени науки, Мадагаскар
Проф. д-р. Октавиан Сербан, Букурешки Универзитет за Економија, Факултет за храна од земјоделие и економија на животната средина, Романија
Проф. д-р. Сабина Георгечи, Асоцијација за промоција на туризмот, Дробета Турму-Северин, Романија
Проф. д-р. Серафима Роскова, Молдовска академија за науки, Академија за економски науки на Молдавија, Република Молдавија
Проф. д-р. Стела Дерменџиева, Универзитет на Велико Трново Свети „Кирил и Методиј“, Оддел за Географија, Бугарија
Проф. д-р. Марта Боровска Стефанска, Универзитет во Лоџ, Факултет за Географски науки, Институт за градежна средина и Просторна, Полска
Проф. д-р. Јулиана Поп, Универзитет за економски студии, Факултет за бизнис и туризам, Романиа
Проф. д-р. Елена Тома, Универзитет Хиперион, Факултет за општествени, хуманистички науки и природни науки, Оддел за географија, Романија
Проф. д-р. Ирина Лазар, Универзитет Хиперион, Факултет за општествени, хуманистички науки и природни науки, Оддел за географија, Романија
Проф. д-р. Озгур Јерли, Дужче Универзитет, Факултет за Шумарство, Оддел за пејсажи, Турција
Доц. д-р. Жарко Радјеновиќ, Универзитет во Ниш, Центар за иновации, Србија
Проф. д-р. Драго Цвијановиќ, Универзитет во Крагујевац, Факултет за Хотелски менаџмент и Туризам Врњачка Бања, Србија
Проф. д-р. Дарко Димитровски, Универзитет во Крагујевац, Факултет за Хотелски менаџмент и Туризам Врњачка Бања, Србија
Проф. д-р. Серџо Чипола, Универзитет во Палермо, Силиција, Италија
Доц. д-р. Марија Белиј Радан, Универзитет во Белград, Факултет за географија, Србија
Доц. д-р. Андреј Мичовиќ, Универзитет во Крагујевац, Факултет за Хотелски менаџмент и Туризам Врњачка Бања, Србија

**Organizational committee:**
Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Prof. Natasa Miteva, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Assist. Prof. Cvetanka Ristova Maglovska, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Prof. Dusko Joseski, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Assist. Prof. Dusica Popova, Ph.D., Dusica Popova, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

**International program committee:**
Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Assist. Prof. Natasa Miteva, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Assist. Prof. Cvetanka Ristova Maglovska, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Prof. Dusko Joseski, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Prof. Dusica Popova, Ph.D., Dusica Popova, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Prof. Nikola V. Dimitrov, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Prof. Cane Koteski, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Biljana Conevska Gunjovska, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Prof. Oliver Filiposki, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Prof. Aleksandra Zezova, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Prof. Zoran Temelkov, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Prof. Misko Djidrov, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Mechanical Engineering, Stip, North Macedonia
Prof. Tanja Angelkova Petkova, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Prof. Dimitar Kovacevski, Ph.D., School of Business Economics and Management, University American College Skopje, North Macedonia
Prof. Slagjana Stojanovska, Integrated Business Faculty, Skopje, North Macedonia
Assist. Prof. Hristina Serafimovska, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Prof. Gligor Bishev, Ph.D., St. Clement of Ohrid University of Bitola, Faculty of Economics, Prilep, North Macedonia

Assist. Prof. Vasko Sutarov, Ph.D., MIT University, Faculty of Security Sciences, North Macedonia
Prof. Madalina Teodora Andrei, Ph.D., Hyperion University, Faculty of Social, Humanities and Natural Sciences, Department of Geography, Romania
Prof. Sonia Quiroga, Ph.D., University of Alcalá, Depatment of Economics, Spain
Prof. Aliza Fleischer, Ph.D., The Hebrew University of Jerusalem, The Robert H. Smith Faculty of Agriculture, Food and Environment, Department of Environmental Economics and Management, Israel
Prof. Noam Shoval, Ph.D., The Hebrew University of Jerusalem, Faculty of Social Sciences, The Department of Geography, Israel
Prof. Nuria Elisa Morère Molinero, Ph.D., Universidad Rey Juan Carlos, Catedrática Historia Antigua, Spain
Prof. Nikolas Hourvouliades, Ph.D., American College of Thessaloniki, Greece
Prof. Donila Pipa, Ph.D., Marin Barleti University, Faculty of Economy, Albania
Prof. Mohamed Fouad, Ph.D., Arish University, Faculty of Arts, Egypt
Prof. Francis Veriza, Ph.D., University of Toliara, Faculty of Lettets and Human Sciences, Madagascar
Prof. Octavian Serban, Ph.D., Bucharest University of Economic Studies, Faculty of Agrifood and Environmental Economics, Romania
Prof. Sabina Gheorgheci, Ph.D., Mehedinți Tourism Promotion Association, Drobeta Turnu-Severin, Romania
Prof. Serafima Roşcovan, Ph.D., Moldova Academy of Science, Academy of Economic Studies of Moldova, Republic of Moldova
Prof. Stella Dermendzhieva, Ph.D., University of Veliko Turnovo St Cyril and St. Methodius, Department of Geography, Bulgaria
Prof. Marta Borowska-Stefanska, Ph.D., University of Lodz Faculty of Geographical Sciences, Institute of the Built Environment and Spatial Policy, Poland
Prof. Iuliana Pop, Ph.D., University of Economic Studies, Faculty of Business and Tourism, Romania
Prof. Elena Toma, Ph.D., Hyperion University, Faculty of Social, Humanities and Natural Sciences, Department of Geography, Romania
Prof. Irina Lazăr, Ph.D., Hyperion University, Faculty of Social, Humanities and Natural Sciences, Department of Geography, Romania
Prof. Ozgur Yerli, Ph.D., Duzce University, Faculty of Forestry, Department of Landscape, Architecture, Turkey
Assist. Prof. Zarko Radjenovic, Ph.D., University of Nis, Innovation Center, Serbia
Prof. Drago Cvijanović, Ph.D., University of Kragujevac, Faculty of Hotel Management and Tourism in Vrnjacka Banja, Serbia
Prof. Darko Dimitrovski, Ph.D., University of Kragujevac, Faculty of Hotel Management and Tourism in Vrnjacka Banja, Serbia
Prof. Sergio Cipolla, Ph.D., University of Palermo, Italia
Assist. Prof. Marija Belij, Ph.D., University of Belgrade, Faculty of Geography, Serbia
Assist. Prof. Andrej Mićović, Ph.D., University of Kragujevac, Faculty of Hotel Management and Tourism in Vrnjacka Banja, Serbia

# Содржина – Contents

**СЕСИЈА: БИЗНИС ЛОГИСТИКА И БИЗНИС АДМИНИСТРАЦИЈА**
**SESSION: BUSINESS LOGISTICS & BUSINESS ADMINISTRATION .................... 14**

FINANCIAL DIGITALIZATION AND ECONOMIC GROWTH: RECENT DEVELOPMENTS IN BANKS AND FINTECH ........................................ 15

MONETARY POLICY AND UNEMPLOYMENT: LITERATURE REVIEW AND COMPUTATIONAL EXAMPLES ........................................ 26

УСВОЈУВАЊЕ НА ФИЛОЗОФИЈАТА НА TQM (ТОТАЛЕН МЕНАЏМЕНТ НА КВАЛИТЕТ) ПРЕКУ ГРАДЕЊЕ ДОБАР СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........................ 54

REGIONAL ECONOMIC DYNAMICS: MANAGERIAL INSIGHTS ON AGRICULTURAL PERSPECTIVES ........................................ 63

EXPLORING THE HURDLES OF ALBANIAN TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE MODERN ERA ........................................ 69

EMPLOYEES PERFORMANCE APPRAISAL AS A FACTOR FOR RAISING ENTERPRISES COMPETITIVENESS ........................................ 79

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ КАЈ БУЏЕТСКИ ФОРМИ НА ОРГАНИЗАЦИЈА ........ 88

MASS MEDIA AND CONTEMPORARY SOCIETY: ........................................ 97

Mass communication – feature of modern society ........................................ 97

GREAT CONTEMPORARY ETHICAL DEBATES ........................................ 105

THE INFLUENCE OF ENTREPRENEURIAL MARKETING IN START-UP BUSINESSES, CASE STUDY KOSOVO ........................................ 111

ПРАВНА РЕГУЛАЦИЈА И ОПШТ ПРЕГЛЕД НА Е-ТРГОВИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........................................ 117

eHEALTH DIGITAL SETUP BENEFITS DURING COVID-19: MCDM PERSPECTIVE ........................................ 126

**СЕСИЈА: ТУРИЗАМ, УГОСТИТЕЛСТВО И ГАСТРОНОМИЈА**
**SESSION: TOURISM, HOSPITALITY AND GASTRONOMY ................................ 136**

МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА РЕАКТИВНО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИТЕ ПРОЦЕСИ ВО ХОТЕЛСКИОТ СЕКТОР ........................................ 138

НОВИ ПРИРОДНИ МОТИВИ ЗА ТУРИСТИЧКО - ПЛАНИНСКА РЕКРЕАЦИЈА ВО ЈУЖНИОТ ДЕЛ НА НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК „ПЕЛИСТЕР“ ........................ 149

IMPLEMENTATION OF MARKETING FOR SELECTION OF RESTAURANT DISHES - CASE STUDY OF VRANJAČKA BANJA ........................................ 163

DYNAMICS AND DEVELOPMENT OF THE TOURIST TURNOVER AFTER THE INDEPENDENCE OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA ........................ 173

АНАЛИЗА НА КВАЛИТЕТОТ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ УСЛУГИ ВО ИСТОЧНИОТ ДЕЛ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 184

ТУРИЗМОТ И ТУРИСТИЧКАТА МЕДИЈАЦИЈА ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА ........ 195

ВЕРСКИ ТУРИЗМ И НЕГОВАТА ВАЖНОСТ ........ 205

ВОНПАНСИОНСКАТА ТУРИСТИЧКА ПОНУДА НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ ВО ПОЛОШКИОТ РЕГИОН ........ 214

УСЛОВИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ И СОЦИОЕКОНОМСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ........ 223

МЛЕКОВОД - УНИКАТНА ТУРИСТИЧКА АТРАКЦИЈА ВО МАНАСТИР СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ, КРИВА ПАЛАНКА ........ 231

TOURIST EVENTS AS A SEGMENT OF THE TOURIST OFFER OF PEJA: CASE STUDY OF THE MUNICIPALITY OF PEJA ........ 239

УСЛОВИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ И СОЦИОЕКОНОМСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА ДОЛНЕНИ ........ 245

ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ТЕТОВСКО КАЛЕ ........ 253

УДК: 338.121(497.775) 304(497.775) 338.48(497.775)

# УСЛОВИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ И СОЦИОЕКОНОМСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

***Ѓорѓи Петкоски[1], Цане Котески[2]***
*[1]Докторант, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија, petkoskigjorgji@gmail.com*
*[2]Редовен професор, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија, cane.koteski@ugd.edu.mk*

**Апстракт**

Општина Кривогаштани се наоѓа во средината на југозападниот дел на Република Македонија, во централниот дел на Пелагонискиот слив. На исток и југоисток се граничи со општина Прилеп,на север со општина Долнени, на запад со општина Крушево и на југозапад со општина Могила. Општина Кривогаштани зафаќа површина од 93,57 км2 и може да се подели на две релјефни целини. Поголемиот дел, кој зафаќа 90% од површината, е рамен дел со главно обработливо земјиште, а вториот дел, кој зафаќа 10% од вкупната површина, е ридско-планински дел, кој е покриен со пасишта. Имајќи ги предвид овие податоци, како и подготвените поглавја од овој труд, можеме да заклучиме дека општината е главен двигател на социо-економските фактори воовој регион, што истовремено укажува дека има големи изгледи за развој и унапредување на туризмот. Во овој труд подетално ќе ги разгледаме информациите за оваа општина, ќе го анализираме социјалниот, но и економскиот развој, се со цел да се утврдат перспективите за развој на туризмот во оваа општина, и колку тој туризам може да има големо значење за подобрување и унапредување на оваа општина.

***Клучни зборови:*** *Култура, економски развој, население, земјоделство, рурален туризам*

## Вовед

Општина Кривогаштани се наоѓа во средината на југозападниот дел на Република Македонија, во средишниот дел на Пелагониската котлина. На исток и југоисток се граничи со Општина Прилеп, на север со Општина Долнени, на запад со Општина Крушево, а на југозапад со Општина Могила. Во состав на општината се 12 населени места: Бела Црква, Боротино, Воѓани,Врбјани, Годивле, Кореница, Крушеани, Обршани, Пашино Рувци, Подвис, Славеј и Кривогаштани каде што е и седиште на општината и нејзина најголема населба.

Според пописот од 2002 година во Општина Кривогаштани живеат 6.150 жители во 1.943 домаќинства и 2.191 станови. Според националната припадност живеат 6.126 Македонци, 8 Роми, 6 Срби, и 10 жители кои се изјасниле како припадници на други заедници. Градоначалникна општината е Николче Мискоски.

**Природно географски карактеристики на Општина Кривогаштани**

На запад од Кривогаштани е Бушова Планина, а на југ, исток и север се простира Пелагонија. Општината лежи на надморска височина од околу 610 метри. Кога станува збор за сообраќајната поврзаност и географската местоположба не може а да не се спомне дека Општината и најголемата нејзина населба, Кривогаштани, претставува вистинска крстосница, бидејќи тука поминуваат главните патишта кои ги поврзуваат блиските градови.

Имено, источно од Кривогаштани е градот Прилеп, кој е оддалечен 19 километри, а на запад се наоѓа Крушево, од Кривогаштани оддалечено 11 километри. Кон југ, т.е кон Демир Хисар води

асфалтен пат, кој кривулесто минува низ селски населби, а потоа продолжува кон Битола. Исто

така и кон север води асфалтен пат кон селото Ропотово, од каде продолжува кон Македонски Брод.

**Клима, Релјеф, Хидрографски и Геолошки карактеристики**

Климата, како и во целата пелагониска рамница, па така и во Кривогаштани е изменето средоземна. Врнежите се движат од 700 до 900 милиметри воден талог во текот на годината. Тиесе најинтензивни во пролет и есен, а првиот снег обично паѓа кон крајот на ноември или во почетокот на декември. Ветровите дуваат во текот на целата година, но најинтензивно во пролети есен. Покрај Кривогаштани, освен Црна Река која со мал дел влегува на територијата на Општината не поминуваат некои други позначајни реки, а исто така нема ни езера. Реките коишто минуваат во близина на Кривогаштани се мали и главно пресушуваат во текот на летниот период.

Територијата на Општина Кривогаштани е дел од Пелагониската зона, во која карпите се главносо преткамбриска старост, главно составени од гнајсеви и микашисти, а на територијата на општината доминираат квартерни седимент. Бидејќи Општина Кривогаштани е целосно распространета во Пелагониската котлина, релјефот е рамничарски, без никакви возвишенија, и единствено го сечат неколкуте речни текови кои во летниот период пресушуваат. Надморската височина се движи околу 600 м.н.в.

Имајќи го во предвид релјефот, со кој во голема мера се одредува карактерот на земјоделското производство во кое преовладува: сточарството (говедарство, овчарство, козарство и свињарство), живинарството (кокошки) и пчеларство, полјоделството: житните култури (пченица, јачмен, рж, овес и пченка), индустриските (тутун), фуражните култури, (пченкасилажа, луцерка, сточен грашок, граорица, вештачки ливади и др.), нивските култури (компир, бостан, грав и друго), градинарските (домат, пиперка, кромид, зелка и др.) овоштарството (јаболко, праски, кајсии, сливи, вишни и друго), печурки, природни ливади и пасишта.

Од ова може да се заклучи дека аграрот во овој регион, дава големи можности за развој на стопанството, со отварање на нови работни места, остварување на финансиски ефекти и добар стандард на населението во руралните средини. (Котески)

На поголем дел од необработените површини лесно може да се сретнат растенија како што се: треви, вратика, булка, љубичица, бодлика, глуварче, тегавец, ливадска-трева.

Општина Кривогаштани располага со различен капаците на надземни и подземни води во зависност од локацијата. Алувијалот на Река Црна која поминува покрај населените места Воѓани, Бела Црква и Пашино Рувци е побогат со надземни (Река Црна) и подземни води кои сејавуваат на помали длабочини. Средни количини на подземни води се среќаваат во Боротинскиот регион, регионот на населенмите места Славеј и Врбјани и југоисточниот и југозападмиот дел од Кривогаштани. Во северниот регион на Општина Кривогаштани кој ги опфаќа населените места Кореница, Годивле и Подвис како и северниот дел од Кривогаштани, се релативно сиромаштани со подземни и надземни води, така што подземните води се наоѓаат на поголеми длабочини и бунарите се со мала штедрост. (Котески)

На територијата на Општина Кривгаштани поминуваат три реки и повеќе одводни канали кои служат за одведување на атмосферските води од населените места до реките. Најголема река која поминува низ атарот на Општина Кривогаштани е Река Црна која поминува низ јужниот дел од општината, на потегот од населеното место Воѓани до Пашино Рувци. Во река Црна се влева Река Блато која со околу 15 км минува низ територијата на општината, по капацитетот на вода е најголема во општината.

Во река Блато се влива Крушевска Река со околу 9 км должина, започнувајќи од западниот дел на Кривогаштани до вливот во Блато на исток во атарот на с.Крушеани. Општина Кривогаштани

располага со прочистителна станица која е една од ретките во Република Македонија со најсофистицирани еколошки стандарди која има капацитет да опслужува 3200 еквивалентжители, а моментално има искористеност од 40 % бидејќи само населеното место Кривогаштание вклучено на канализационата мрежа додека другите населени места сеуште немаат канализациона инфраструктура и не се вклучени на канализационата мрежа. Само населението места Славеј и Крушеани имаат канализациона инфраструктура како и сопствени мини прочистителни станици.

**Животински и растителен свет**

Најдоминантни птици што се присутни во близина на планскиот опфат се див гулаб, штрк, чавка,и врапче. Од зимските преселници се детектирани сколовранецот, враната, и чавката. Можно е на подрачјето да се присутни еребица камењарка и полска еребица како и степската ветрушка. Во испитуваното подрачје се среќаваат и одредени видови на рбетници, претежно претставницина водоземци и влекачи. Почесто присутни видови се ридската желка и полската желка.

**Социоекономски карактеристики на општината Кривогаштани Здравство, Образование и Култура во општина Кривогаштани**

На територијата на Општина Кривогаштани работат 3 аптеки, 3 стоматолошки ординација и 3 општи амбуланти, од кои само една работи и втора смена, но ниту една од нив нема дежурна ноќна смена.

Општи амбуланти:

1. ПЗО„Д-р Белески” Кривогаштани
2. ПЗО „Про Медика” Обршани
3. ПЗО „Меделек” Кривогаштани Стоматолошки ординации:
4. ПЗУ „Д-р Бранкица” Кривогаштани
5. ПЗУ „Д-р Панде” Кривогаштани
6. ПЗО „Про Медика” Обршани Аптеки:
7. „Ирис” Кривогаштани
8. „Вива Фарм” Кривогаштани
9. „Медикус” Кривогаштани

Воспитно образовниот процес во Општина Кривогаштани се одвива во две централни основни училишта:

- ОУ „Манчу Матак” Кривогаштани во чиј состав влегуваат 4 подрачни училишта во Крушеани, Славеј, Врбјани, Годивле и Подвис со настава во 4то одделение.
- ОУ „Јонче Смугрески” с. Обршани во чиј состав влегуваат 2 подрачни училишта во Боротино и Бела Црква со настава до четврто одделение.

Во Кривогаштани секоја година во март се одржуваш манифестацијата „Денови на македонската народна носија“. На манифестацијата која е од ревијален и натпреварувачки карактер учествуваат културно-уметнички друштва од цела Македонија. (Јошев)

Културно наследство: Најголемиот дел од културното наследство во Општина Кривогаштани го сочинуваат постоечките цркви и манастири во населените места. Како и археолошките локалитети во населено место Врбјани и населено место Подвис- Локвени.

Во Кривогаштани се наоѓаат следниве цркви:

- Црква „Св. Теодор Тирон“ кај народот позната како Св. Тодор се наоѓа на влезот на населеното место, во правец Прилеп – Крушево од десната страна на улицата „Филип втори“. Таа е гробна Црква и потекнува од XVII век.
- - Црква „Св. Димитрија“ во близината на центарот на населбата на патот за Крушево од левата страна на улицата „Филип втори “ се наоѓа црквата Св. Димитрија. Црквата Св. Димитрија е изградена на 19 април 1912 година. - Црква „Св. Никола“или (Стара Црква) е најстара црква во Кривогаштани и е изградена 1847 година.

- Црква „Св. Богородица Пречиста". Обновена во 1990 година, а е осветена на 20 октомври 1996. Слава на оваа црква е Воведение на Пресвета Богородица (Пречиста, 4 декември).

Во населено место Крушеани се најдува црвата „Св.Атанасиј". Во село Пашино Рувци се најдува манастирот„Св. Ѓорѓија„ и црквата„Св. Атанасиј". Во населеното место Обршани се најдува црквата„Св. Богородица„ и Манастирот„Св. Кирил и Методи".

Во с. Бела Црква црквата„Пресвета Богородица", с. Воѓани„Св.Никола", во населено место Боротино „Св. Марина", во Кореница „Св. Ѓорѓија", во с. Врбјани „Св. Никола" и во с. Славеј „Св. Илија.

Во Општина Кривогаштани најзастапени се тимските спортови од кои најпопуларен е фудбалот. Во општината активно и успешно се натпреваруваат 8 фудбалски клубови: "Младост" - Кривогаштани, "Партизан" - Обршани, "Боротино" - Боротино, "Обршани" - Обршани, "Напредок" - Крушеани, "Пелагонија" - Пашино Рувци, "Врбјани" - Врбјани и "Воѓани" – Воѓани.

Во општината исто така се одржува и традиционален ноќен турнир во мал фудбал. Тоа е долгогодишна традиција на организирање на ноќен турнир во мал фудбал во дворот на ОУ "Манчу Матак" во месец Август секоја година , каде традиционално финалните натпревари се одигруваат на верскиот празник Голема Богородица. На турнирот учество земаат екипи од регионот и пошироко кои примамуваат голем број на гледачи од пелагонискиот регион и пошироко. (Панев)

**Пазар на труд, стопански објекти**

Во Општина Кривогаштани работат и опстојуваат стопански субјекти кои се занимаваат со разни дејности од различни стопански гранки како што се: градежништво, транспорт и складирање, дрво преработувачка индустрија, текстилна индустрија услужни дејности и други. Најголем делод нив спаѓаат во категоријата на микро субјекти. Во продолжение се наведени некои од нив:

Друштво за трговија, производство и услуги АГРО РАЈЧИН ДООЕЛ с. Бела Црква
- дејност: откуп на земјоделски производи
- вработени: 2

Друштво за трговија, производство и услуги РОЗ - РУБ ТРАНС ДООЕЛ с. Обршани
- дејност: транспорт на патници во градски и приградски сообраќај
- вработени: 8

Друштво за трговија, производство и услуги ГОНИТО ДООЕЛ увоз-извоз с.Кривогаштани
- дејност: трговија на мало со прехрамбени производи
- вработени: 6

Друштво за трговија, производство и услуги ВЕНТУРА ТРЕЈД увозизвоз ДООЕЛ с.Обршани
- дејност: трговија на мало со прехрамбени производи
- вработени: 10

Друштво за трговија, производство и услуги ИГА ТРЕЈД увозизвоз ДООЕЛ с. Кривогаштани
- дејност: трговија на мало со прехрамбени производи
- вработени: 15

Друштво за трговија, производство и услуги МОНТРЕАЛ увозизвоз с. Бела Црква
- дејност: трговија со нафтени деривати
- вработени: 5

Во прилог ви доставуваме слики од терен, со цел визуелизирање на социоекономските карактеристики на оваа општина и објектите со кои таа располага.



*Извор: Сликано на терен, студент Анита Волческа, 20.02.2023*
*Слика 1.1 Општинска зграда на Општина Кривогаштани - с. Кривогаштани, сликано од Анита Волческа*
*Picture 1.1. municipal building of the Municipality of Krivogashtani, taken by student Anita Volceska*



*Извор: Сликано на терен, студент Анита Волческа, 20.02.2023*
*Слика 1.2. Полициска станица во с. Кривогаштани, сликано од Анита Волческа*
*Picture 1.2 Police station in Krivogashtani, taken by student Anita Volceska*



*Извор: Сликано на терен, студент Анита Волческа, 20.02.2023*
*Слика 1.3. Манастир Св. Ѓорѓија во с. Пашино Рувци, сликано од Анита Волческа*
*Picture 1.3 Monastery of St. Gjorgjija in Pashino Ruvci, taken by student Anita Volceska*



*Извор: Сликано на терен, студент Анита Волческа, 20.07.2021*
*Слика 1.4. Основно училиште "Манчу Матак" - с. Кривогаштани, сликано од Анита Волческа*
*Picture 1.4. Primary school "Manchu Matak" - Krivogashtani, taken by Anita Volceska*

**Перспективи и услови за развој на економијата туризмот во Општина Кривогаштани**
Економскиот развој е битен фактор кон развитокот на туризмот на една општина, бидејќи туризмот и економијата дејствуваат взаемно, со тоа што ако општината има солиден економски развој, тоа значи отворање на поголеми можности за развој на туризмот, повеќе локали, стопански објекти, народни манифестации поддржани од општината и слично. (Котески)

Населението во општина Кривогаштани воглавно се занимава со трговија, сточарство, земјоделство, градежништво и шумарство.

Општина Кривогаштани во изминатите години вложува големи напори за промовирање на општината и изнаоѓање на инвеститори за развој на локалната економија. За таа цел се

подготвува индустриска зона за лесна и незагадувачка индустрија, на која веќе има изградено неколку објекти од областа на лесната индустрија.

Според Државниот завод за статистика, во општината Кривогаштани имало 113 активни деловни субјекти во 2018 година. Најважните и доминантни сектори беа трговијата на големо и мало; поправка на моторни возила и мотоцикли со 37,2%. Од другите сектори, најзастапени се земјоделството, шумарството и риболов (13,3%), производството (14,0%) и транспортот и складирањето(10,0%).

Од останатите сектори на дејности, во општина Кривогаштани се регистрирани активни деловни субјекти и во секторите: градежништво, транспорт и складирање, образование, дејности на здравствена и социјална заштита други услужни дејности и други.

## Заклучок

Социоекономските карактеристики се многу значаен аспект од работењето на секоја самоуправна локална единица. Без буџет, стопански активности, без културни и спортски активности, здравство, образование и транспортни и патни мрежи, ниту една заедница не може да биде општествена заедница и да се стимулира растот и развојот на една локална и националнаекономија. Секако, за успешно управување со една самоуправна единица потребен е и ефективентруд којшто ефикасно ќе го насочува работењето. За да успешно се раководи работењето на еднаопштина, неопходно е планирање. Пожелно е планирањето да се совпаѓа со крајниот резултат, со што се постигнува ефективно отстварување на планот. Во овој контекст, неопходно е општината да произведува стабилни планови кои ќе се отстварат на краток и на долг рок. Доброто планирање е резултат на повисок локален економски развој и поголема финансиска стабилност како важен аспект на социоекономијата на една општина.

Затоа, развојот на социоекономските карактеристики на една општина е многу значаен аспект во контекст на подобрување на растот и развојот на национално ниво, постигнување пониска стапка на невработеност, поголема родова рамноправност, подобрување на услугите и воопшто подобрување на стопанскиот систем. Со оглед на тоа што во Општина Кривогаштани преовладува старо население, општината има ниско учество во вкупниот националеноптштествен производ. Неопходно е преземање на низа мерки за да се намалат овие недостатоци и да се зголеми вклучувањето во процесот на децентрализација.

Социоекономските карактеристики се значаен аспект и во контекст на подобрување на социјалната положба на жителите, а со тоа поттикнување за поголем туризам. Добрата социјална положба води кон раст на вкупниот приход и намалување на сиромаштијата, и мотивирање на народот за креирање настани и организации за привлекување на туристи, и размена на култура, знаења и мислења. Затоа секоја општина, без разлика на нејзината големина, неопходно е да води добра социјална и економска политика како инструменти за развој на Република Македонија и нејзина интеграција во групата на развиени земји.

## Литература

1. Димитров, Никола и Котески, Цане (2014) "Географски основи на просторно планирање". Самостоен издавач, Штип;
2. Dimitrov, Nikola and Koteski, Cane and Josheski, Dushko(2016) "Demographics: Theory and applications". LAP LAMBERT Academic publishing;
3. Димитров,Никола и Тасков,Нако и Котески,Цане и Митрева,Елизабета и Методијески,Дејан и Ангелкова, Тања и Јошески, Душко и Филипоски, Оливер и Ковачевиќ, Кристина (2015) "Историско – географски пресек на туризмот и угостителството во Република Македонија".
4. Јаковлев, Златко и Арнаудова, Благица и Котески, Цане (2016) "Натуризмот како дел од меѓународниот туризам". Во: Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија;

5. Ciltural corridor Sofia - Ohrid Cultural tourisam Without Boundaries, 16-10-07-2011, Sofia - Bugaria - Ohrid - Macedonia;
6. Јошески,Душко и Димитров,Никола и Котески,Цане (2012) "Населението и економскиот раст, примерок со надолжни податоци од Балканските земји". Economic Growth eJournal, Population and economic growth theme: Longitudinal data for a sample of Balkan countries, 4 (26). p. 30;
7. Josheski, Dushko and Koteski, Cane (2011) "Analysis of Purchasing power parity with data for Macedonia". International Finance e-Journal,, 3 (120);
8. Котески, Цане (2016) "Туристичка картографија" - учебник. Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Македонија;
9. Котески, Цане и Јаковлев, Златко и Митрева, Елизабета и Ангелкова, Тања и Бардарова, Снежана (2013) "Заштита и презентација на културното наследство на Општина Прилеп за туристички цели". In: 1st International Conference on Cultural Heritage, Media and Tourism, 18-19 Jan 2013, Ohrid, Macedonia;
10. Котески, Цане и Јошески, Душко и Јаковлев, Златко и Димитров, Никола и Бардарова, Снежана (2014) "Македонија демографски стареe". Journal of Earth Science and Enginering, 4 (7). pp. 445-454.;
11. Koteski, Cane and Majhosev, Darko and Jakovlev, Zlatko (2017) "Possibilities for the development of rural tourism in the Republic of Macedonia". (JPMNT) Journal of Process Management - New Technologies, International, 5 (2). pp. 18-24;
12. Котески, Цане и Димитров, Никола (2019) Национална туристичка географија. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Stip-Republika Severna Makedonija. Панов, Митко, (1998) "Енциклопедија на селата во Република Македонија", Скопје;
13. Официјална веб-страна на општина Кривогаштани (2023), За општината, преземено на 5 Април 2023 г. http://www.opstinakrivogastani.gov.mk/